9/8

Република Северна Македонија
ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА
КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ
Бр. 01-559/1
28.05. 2021 год.
Скопје

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 12/20), и член 55 став 2 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 58/00, 44/02, 82/08 и 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), и член 76 од Законот за класифицирани информации (*)(„Службен весник на Република Северна Македонија", бр.275/19), директорот на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, донесе:

# П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации

### Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации, Бр.01-283/1 од 19.08.2016 година, како и Правилниците за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата Бр.01-283/7 од 29.09.2016 година, Бр. 01-70/2 од 31.01.2018 година, Бр. 01–188/1 од 20.03.2018 година, Бр.01-188/4 од 16.05.2018 година, Бр.01-186/2 од 13.03.2019 година, Бр.01-186/6 од 22.04.2019 година, Бр.04-186/12 од 18.07.2019 година, Бр.01-186/16 од 06.12.2019 година, Бр.01-294/3 од 09.12.2020 и Бр.01-8/1 од 05.01.2021.

### Член 2

Во член 13 точка Сектор за информатичка и за физичка безбедност, Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и за комуникациско – информатичка поддршка, работното место под реден бр.38, со звање самостоен референт за безбедносна акредитација и шифра УПР 01 01 Г01 000 **се менува и гласи:**

| | |
|---|---|
| Сектор за информатичка и за физичка безбедност | |
| Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и за комуникациско – информатичка поддршка | |
| Реден број | 38 |
| Шифра | УПР 01 01 Г04 000 |
| Ниво | Г4, Помошно стручен IV ниво |
| Звање | Помлад референт |
| Назив на работното место | Помлад референт за безбедносна акредитација |
| Број на извршители | 1 |
| | |
| Одговара пред | Раководител на Одделение за безбедносна акредитација на комуникациско информатички системи и за комуникациско – информатичка поддршка |
| Вид на образование | Вишо/Средно образование (гимназија,економија, право или електротехника) |
| Други посебни услови | – поседување на национален безбедносен сертификат со степен "ДРЖАВНА ТАЈНА" |
| Работни цели: | Врши административно технички и оперативни работи од надлежност на одделението. |
| Работни задачи: | – помага во вршењето на прием, евиденција, распространување и чување на класифицираните информации сврзани со безбедносната акредитација на информатичките и комуникациските системи и средства низ кои се процесираат класифицирани информации;<br>– помага во изработувањето техничка документација и евиденција за субјектите кадешто се врши безбедносната акредитација на информатичките и комуникациските системи ;<br>– изготвува пропратна документација во доменот на работата на одделението;<br>– учествува во архивирање и уништување на класифицираните информации согласно предвидените прописи; |

| | |
|---|---|
| | – исполнува работи и задачи со класифицирани информации согласно принципот „Потребно е да знае“ |

Член 4

Овој Правилник влегува во сила од денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерство за информатичко општество и администрација и неговото објавување на огласната табла во Дирекцијата.

ДИРЕКТОР
Стојан Славески